**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 27.10.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5230 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 12 до 21 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 27 октомври 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*“).
- **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*“).
- **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Десет изданија на Дневникот во 19 часот и осум изданија на Бизнис вестите го сочинуваат примерокот за анализа на известувањето во дневно-информативните емисии на ТВ Сител во извештајниот период од 12 до 21 октомври 2016 година.

Анализиран е примерок со вкупно времетраење од 5 часа 10 минути и 41 секунда, од кој најголемиот дел - 4 часа 55 минути и 10 секунди - се состои од прилози вообличени во некој од информативните жанрови (Табела 1) како извештаи, изјави, вести, интервјуа (на пример, во живо со членот на Извршниот комитет на ВМРО ДПМНЕ Никола Тодоров за „Викендот на отчетност“ (5 минути и 33 секунди) на 14 октомври или интервјуто од 16 октомври со Срѓан Керим, по повод неговата кандидатура за генерален секретар на ОН (17 минути и 59 секунди). Вкупната застапеност на коментари и осврти е 15 минути и 31 секунда.

***<u>Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови</u>***

| ТВ СИТЕЛ | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Влада на РМ | 00:47:27 | 16,08 % |
| Други субјекти | 00:54:59 | 18,63 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:22:00 | 7,45 % |
| Локална самоуправа | 00:03:56 | 1,33 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:32:07 | 10,88 % |
| СДСМ | 00:31:54 | 10,81 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:50:26 | 17,09 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:04:04 | 1,38 % |
| Демократски сојуз | 00:02:10 | 0,73 % |
| Собрание на РМ | 00:05:00 | 1,69 % |
| Независни пратеници/чки | 00:00:57 | 0,32 % |
| Без субјекти | 00:08:43 | 2,95 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:52 | 0,97 % |
| Специјално обвинителство | 00:06:40 | 2,26 % |
| Граѓански сектор | 00:00:44 | 0,25 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:06:06 | 2,07 % |
| Јавно обвинителство | 00:01:06 | 0,37 % |
| Судство | 00:02:20 | 0,79 % |
| ДИК и други органи | 00:03:15 | 1,10 % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:37 | 0,21 % |
| Експерти/аналитичари | 00:03:03 | 1,03 % |
| НСДП - Нова социјалдемократска партија | 00:01:05 | 0,37 % |
| СПМ - Социјалистичка партија на Македонија | 00:00:50 | 0,28 % |
| Претседател на РМ | 00:01:19 | 0,45 % |
| АРМ | 00:01:30 | 0,51 % |
| | **Вкупно: 04:55:10** | **100 %** |

Носителите на јадрото на информацијата, најчесто биле најразлични субјекти кои, методолошки се вбројуваат во категоријата „*други субјекти*“. Во оваа разнолика група влегуваат: Музејот на македонската борба, Алкалоид АД Скопје, Сеизмолошката опсерваторија при ПМФ, ЕЛЕМ, Центар за енергетски ефикасности во Македонија, Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, ФЕИТ, Пивара Скопје, Пакомак, МЕР, ТАВ Македонија, Институтот „Димитрија Чуповски“, МПЦ, Александар Трајков - телохранител на Зоран Заев, Срѓан Керим, Македонскиот полициски синдикат, ССК, Сојузот на синдикати на Македонија, Здружение за заштита при работа, Фонд за иновации, Аналитика, Црвен крст Скопје, Алкалоид, ФАЈНАНС ТИНК, НБРМ и други.

Следна по временското присуство е ВМРО ДПМНЕ, а непосредно зад неа Владата. Информациите за централната извршна власт најчесто потекнуваат од нејзините редовни обврски, но има и мноштво

прилози за нејзини активности или резултати од политики со позитивен контекст. Меѓу ваквите примери може да се издвојат: на 12 октомври „Три инвестиции во три региони ќе отворат 2.600 нови работни места“ (2 минути и 25 секунди); на 13 октомври - „Се проширува проектот за превод на научни книги“ (2 минути и 25 секунди), „Најголемата канадска компанија од автомобилскиот сектор, Магна, бара македонски фирми за добавувачи“ (2 минути и 6 секунди), и „По 10 илјади евра неповратни средства за 6 приватни градинки“ (1 минута и 51 секунда); на 14 октомври „Холандската компанија Инофрут ќе инвестира 10 милиони евра и ќе отвори 130 работни места во Богданци и Дојран“ (2 минути и 4 секунди); на 15 октомври „Во Кривогаштани предадена во употреба новата спортска сала“ (37 секунди); на 17 октомври „Пензионерите во Прилеп ќе добијат нов клуб“ (1 минута и 55 секунди) и „Странските компании задоволни од бизнис климата во земјата, 82% сакаат да го прошират производството“ (2 минути и 9 секунди); на 18 октомври „Најсовремен видео гастроскоп е инсталиран во Поликлиниката во Чаир“ (1 минута и 2 секунди); „Мисајловски: 22 милиони евра се издвоени за реконструкција на регионални патишта“ (1 минута) и „Познат германски бренд на електрични уреди ќе се произведува во Македонија“ (1 минута и 53 секунди); на 20 октомври „Објавен тендерот за изградба на нов клинички центар“ (3 минути и 31 секунда) и „Реконструкцијата на регионалниот пат Делчево - Голак во завршна фаза“ (35 секунди); на 21 октомври „Канческа - Милевска во Љуботен: Конзервација и реставрација во црквите на Скопска Црна Гора“ (1 минута и 44 секунди).

Следуваат странските политичари и амбасадорите во државава, како и меѓународните организации и институции, а веднаш зад нив е СДСМ. Позначајно присуство во вестите имаат уште органите на државната управа, односно јавните претпријатија.

При известувањето за политичките партии, најприсутни се ВМРО ДПМНЕ, а потоа СДСМ со нивните кампањски активности, ветувања или меѓусебни контрирања, со тоа што одговорите на обвинувањата од СДСМ понекогаш доаѓаат од надлежни министерства. Освен за нив, во помал обем, се среќаваат и информации за ставовите/активностите на ДУИ, ДПА, Демократски сојуз, НСДП, СПМ, независни пратенички, ГРОМ.

На 15 октомври е емитуван коментаторски извештај „Хаос и насилство во Струмица. Десетина млади луѓе завршија натепани од Александар Трајков, телохранител на Зоран Заев“ (1 минута и 51 секунда) во кој се вели дека „Ова не е прв инцидент кој го предизвикуваат телохранителите на Заев и компанија. Тие се лица од подземјето кои рекетираа и уценуваа бизнисмени“.

Мноштвото субјекти од збирната категорија „други субјекти“ и ВМРО ДПМНЕ се речиси изедначени според можноста гледачите изворно да ги чујат изјавите на говорниците, потоа следуваат Владата, па СДСМ (Табела 2).

***Табела 2: Директни обраќања на субјектите***

| ТВ СИТЕЛ | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| СДСМ | 00:16:42 | 12,76 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:31 | 0,39 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:09:59 | 7,63 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:30:02 | 22,95 | % |
| Локална самоуправа | 00:01:32 | 1,17 | % |
| Други субјекти | 00:30:22 | 23,20 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:08:44 | 6,67 | % |
| Влада на РМ | 00:19:49 | 15,14 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:11 | 0,14 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:38 | 1,25 | % |
| Независни пратеници/чки | 00:00:24 | 0,31 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:06 | 0,84 | % |
| Специјално обвинителство | 00:02:11 | 1,67 | % |
| Граѓански сектор | 00:00:39 | 0,50 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:02:56 | 2,24 | % |
| Собрание на РМ | 00:00:52 | 0,66 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:29 | 0,37 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:01:20 | 1,02 | % |
| СПМ - Социјалистичка партија на Македонија | 00:00:16 | 0,20 | % |
| Судство | 00:00:43 | 0,55 | % |
| АРМ | 00:00:27 | 0,34 | % |
| | **Вкупно: 02:10:53** | **100** | **%** |

ТВ Сител, во петтиот извештаен период емитуваше неколку осврти и коментари.

На 12 октомври, преку осврт, Телевизијата се навраќа на трите странски инвестиции за кои известуваше претходните неколку дена „Три инвестиции во три региони ќе отворат 2600 нови работни места" (2 минути и 25 секунди).

На 17 октомври, во освртот „Анализа: Ветувањата на ВМРО ДПМНЕ се реални и остварливи" се емитуваат сегменти од обраќањето на претседателот на партијата Никола Груевски на собирот одржан претходниот ден, став на аналитичарот Владимир Божиновски околу барањето на Груевски за 63 пратеници во идното собрание, за квалитетот на министрите на СДСМ во актуелната Влада и за тоа дека последниот збор ќе го имаат граѓаните на 11 декември.

На 18 октомври, во најавата за коментарот „Партиите влегуваат во официјална предизборна трка со подготвени програми" (2 минути и 37 секунди) се вели - „двојазичност, да или не, ќе биде централното прашање на изборите", по што се наведува дека се важни програмите и кадарот што ќе ги спроведува, по што се емитуваат информации и изјави од лидерите на ВМРО ДПМНЕ и СДСМ за партиските програми, и се наведува дека од ДУИ и ДПА не одговориле на прашањето што им го поставил Сител - со какви програми ќе настапат пред гласачите.

На 19 октомври се емитува коментар „Молк во СЈО за вработувањата на партиски кадри во Обвинителството" (1 минута и 44 секунди) во кој се преиспитува политиката на вработување во Специјалното јавно обвинителство. Се наведува дека СЈО нема дадено одговор дали Борче Трајковски (Боки Бургија) е вработен таму, со информација дека тој е кадар на СДСМ, има кривично досие, редовни колумни во медиумите финансирани од Сорос, и дека има и други „чудни вработувања", односно дека „медиумите објавија и за серија други вработувања на лица од структурите на СДСМ и СОРОС, но и за класичен непотизам кога беа вработувани ќерки и братучеди на обвинителите". Во одјавата за прилогот од студиото се наведува дека ТВ Сител била дискриминирана бидејќи не била поканета на прес-конференција на Јанева пред МВР, односно не можела да ги постави прашањата околу вработувањето лица блиски до СДСМ во СЈО.

На 21 октомври се емитува осврт „Здравствени услуги во модерни услови и побрза дијагноза кога сите клиники се во една зграда во новиот клинички центар „Мајка Тереза" (1 минута и 48 секунди) преку кој се реактуелизира информацијата за објавувањето на тендерот за градба, за која е известено претходниот ден, преку изјави од проф. д-р Александар Шиколе, директор на Клиника за нефрологија и проф. д-р Бисерка Ќаева, директорка на Клиниката за пулмологија.

Истиот ден има уште еден коментар во кој ТВ Сител го следи прашањето за вработувањата во СЈО. Опремен со следниве телопи „СЈО молчи за вработувањата на членови на СДСМ, плус нивните деца, внуци и роднини, како и лица со криминални досиеја", „Пандов: СЈО постои за потребите на СДСМ", „Катица Јанева не одговара зошто и како си го вработи и внукот во СЈО" и „Заев: Јас ги имав сите бомби" (3 минути и 2 секунди), во прилогот се преразгледува ангажирањето на Боки Бургија и на внукот на Јанева. Емитувана е изјава на аналитичарот Александар Пандов (СЈО ја започнало кампањата на СДСМ и мислење за вработувањето на Трајковски), изјава на претседателот на СДСМ Зоран Заев (снимките што ги поседувал ги

предал на СЈО, прашањата за работата на Обвинителството треба да се упатат таму), како и информација од Сител дека Јанева на одговара на прашањата. Во најавата се вели: „Дали целиот Социјалдемократски сојуз се вработи во Специјалното јавно обвинителство? Плус и нивните деца, внуци и роднини, како и лица со криминални досиеја? Дали последно вработување во низата е внукот на Катица Јанева? На овие, но и на дури прашања поврзани со истрагите кои ги водат во СЈО, но и за трошењето на парите на граѓаните, трет ден јавно ја покануваме специјалната обвинителка Катица Јанева да биде гостин во Дневникот на Сител, со цел да ја покаже својата неутралност и професионалност".

Во неколку наврати се регистрирани случаи содржината на телопите да не кореспондира со содржината на прилозите на кои се однесуваат.

***<u>Други видови програми</u>***

Во неколку изданија на информативниот, контактен блок *На дневен ред*, што се емитува во утринската програма *Ја сакам Македонија*, дискусијата со гледачите е на теми поврзани со внатрешно-политичката дебата во земјава. На 13 октомври темата е: „Парламентот ќе се распушти на 17-ти октомври". Емисијата е репризирана наредниот ден. На 18 октомври, се разговара на тема: „Буџетот се донесе, Собранието се распушти", а репризата е следниот ден. На 19 октомври се дебатира за изјавата на „Грчкиот претседател Павлопулос: Македонија била, е и ќе остане грчка". Емисијата е репризирана на 20 октомври, кога пак утрината, новата тема за контакт со публиката е: "На што се подготвени политичарите за да дојдат на власт. Ветувања автопати, двојазичност, вработувања...? Дали би ги продале и националните интереси за да фатат столче?". Репризата е во вообичаениот термин наредниот ден. На 21 октомври гледачите ги изнесуваат своите ставови на тема: „Како ги коментирате новите обвиненија на СЈО?".

**Член 75-б од Изборниот законик**

Во периодот од 12 до 21 октомври, во некои прилози емитувани на ТВ Сител, известувањето за редовни активности на државни органи/органи на општините е во функција на изборно медиумско претставување на политички субјект:

***Дневник во 19 часот 12.10.2016***

<u>19:09:50 – 19:11:59 „Груевски: Нова реализација на ветените проекти"</u> - Никола Груевски, претседател на ВМРО ДПМНЕ, говори за актуелни и за идни проекти на Владата.

***Дневник во 19 часот 21.10.2016***

<u>19:17:01 – 19:18:16 „ВМРО ДПМНЕ активно на терен меѓу граѓаните. После 23 години светиниколско Мустафино доби водовод"</u> – резултат од работата на локалната самоуправа се претставува како активност на Партијата ВМРО ДПМНЕ и нејзиниот претседател Никола Груевски.

Во неколку прилози, преку начинот на кој се најавени/означени политичарите, медиумот прави формално поврзување на функцијата чии носители се тие и партијата, иако кај настаните на кои се

однесуваат информациите нема двојство, односно тие се или чисто партиски или на локалната самоуправа. Вакви примери се:

***Дневник во 19 часот 16.10.2016***

19:11:03 – 19:13:42 „Заев: Наместо за глад ќе зборуваме за поквалитетен живот“ – Зоран Заев, во информација од настан на кој учествува како градоначалник, е означен како лидер на СДСМ и градоначалник на Струмица.

***Дневник во 19 часот 18.10.2016***

19:06:23 – 19:07:18 „Изборите се клучен момент за мирот и стабилноста во Македонија“ - Елизабета Канчевска Милевска, е најавена како министерка за култура, а се информира од нејзина партиска посета на Кисела Вода, во подготовка на изборите, при што дава партиска изјава.

19:07:18 – 19:07:55 „Изборите се клучен момент за Македонија порача лидерот на ГРОМ, Стевче Јакимовски“ - Стевче Јакимовски, претседател на ГРОМ, говори од партиска прес-конференција, а во најавата е означен како „првиот човек на Општина Карпош“.

***Сектор за програмски работи***